**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ВТОР КВАРТАЛ, 2019 ГОДИНА

јули 2019 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

– Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, слично како и во претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: изразено нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, наспроти непроменетоста во претходната анкета.

– Очекувања за третиот квартал: нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити и нето-зголемување на побарувачката, поумерено во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

– Кредитна политика: натамошно и поизразено нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, наспроти нето-намалувањето на побарувачката во претходната анкета.

– Очекувања за третиот квартал: нето-олеснување на кредитните услови и нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, коешто е поумерено во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

– Кредитна политика: натамошно нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, слично како во претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: непроменетост на побарувачката на кредитите на претпријатијата, исто како и во претходната анкета.

– Очекувања за третиот квартал: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити и нето-зголемување на побарувачката, слично како и во претходната анкета.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, за разлика од малото нето-заострување во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, но малку поумерено во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал: мало нето-заострување на кредитните услови за разлика од очекувањата за изразено нето-олеснување во минатата анкета и нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, но умерено послабо во споредба со претходната анкета.

***Мали банки***

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети услови за одобрување корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредитите на претпријатијата, слично како и во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал: нето-олеснување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на кредити на корпоративниот сектор, наспроти очекувањата за непроменетост на кредитните услови и на побарувачката во претходната анкета.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно и поизразено нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: изразено нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, наспроти малото нето-намалување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал: нето-олеснување на кредитните услови и нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, но послабо во споредба со претходната анкета.